Уп. бр. 08-114

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото БИГ Енергија Холдингс Кфт со регистрирано седиште на адреса ул. Марко 7.6 кат 8, Будимпешта, Унгарија, доставено преку Адвокатско Друштво Апостолска Александровски и Партнери од Скопје, на седницата одржана на ден 14.09.2022 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која БИГ Енергија Холдингс Кфт со регистрирано седиште на адреса ул. Марко 7.6 кат 8, Будимпешта, Унгарија ќе стекне контрола над Друштво за производство, трговија и услуги БАКА ЕНЕРЦИ ДОО Скопје со регистрирано седиште на адреса ул. Ќемал Сејфула бр.7Б, Скопје, Република Северна Македонија, по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 18.08.2022 година, а дополнето на ден 22.08.2022 година и 05.09.2022 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на БИГ Енергија Холдингс Кфт со регистрирано седиште на адреса ул. Марко 7.6 кат 8, Будимпешта, Унгарија, со која БИГ Енергија Холдингс Кфт ќе стекне контрола Друштво за производство, трговија и услуги БАКА ЕНЕРЦИ ДОО Скопје со регистрирано седиште на адреса ул. Ќемал Сејфула бр.7Б, Скопје, Република Северна Македонија, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото

го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

- БИГ Енергија Холдингс Кфт е во 100% сопственост на БИГ Схопинг центерс Лтд. (во понатамошниот текст:БИГ). БИГ е холдинг на компании, претежно во дејностана ндвижности со активности во САД, Израел, Србија, Црна Гора и Франција. БИГ гради и инвестира во трговски центри и молови, деловни згради и логистички центри низ целиот свет, вклучително 30 центри во Израел, 10 во САД, 9 во Србија и многу други се воизградба. БИГ јавно коирано друштво на Берзата во Тел Авив.

Во изминатите години БИГ преку БИГ Енергја Холдингс Кфт почна да инсвестира инвестира во секторот на електрична енергија преку купување на удели односно цели друштва, и/или преку развивање на сопствени проекти. Вкупниот промет на БИГ Енергиа Холдингс Кфт. е во најголем дел од недвижности.

БИГ Енергиа Холдингс Кфт**.** нема регистрирано присуство во Северна Македонија и не е присутно на пазарот во Северна Македонија сеуште. Но, во тек е постапка за основање на ДООЕЛ во Република Сверна Македонија.

**-**Друштво за производство, трговија и услуги БАКА ЕНЕРЏИ ДОО е друштво со ограничена одговорност чија регистрирана приоритетна дејност е производство на електрична енергија. Целното друштво сеуште е во фаза на развој на проектот за изградба и обезбедување на сите потребни лиценци на централа за производство на електрична енергија од соларни панели-фотоволтаици, и сеуште нема започнато со производтво на електрична енергија. Прометот кој Друштво за производство, трговија и услуги БАКА ЕНЕРЏИ ДОО го има остварено е од продажба на градежно земјиште.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**